Република Северна Македонија Национална установа
Манифестација СТРУШКИ ВЕЧЕРИ НА ПОЕЗИЈАТА
Republika e Maqedonisë së Veriut Institucioni Nacional
Manifestimi MBRËMJET STRUGANE TË POEZISË
Бр.Nr. 05 - 186 /1
01.10 2021 год.viet
Струга-Strugë

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
НУМ „СТРУШКИ ВЕЧЕРИ НА ПОЕЗИЈАТА“
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
INM „MBRËMJET STRUGANE TË POEZISË“

Ул. Браќа Миладиновци бр.5, 6330 Струга, Поштенски фах 111
Тел.+389 46 786 270, E-mail: struga@svp.org.mk
www.svp.org.mk

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА Н.У.М „СТРУШКИ ВЕЧЕРИ НА ПОЕЗИЈАТА“ ВО ТЕКОТ НА 2021 ГОДИНА.

1.

## 1. ПРЕГЛЕД НА РЕАЛИЗИРАНИТЕ ПРОГРАМСКИ И ДРУГИ АКТИВНОСТИ ВО 2021 ГОДИНА

### ЧЕСТВУВАЊЕ НА 100-ГОДИШНИНАТА ОД РАЃАЊЕТО НА БЛАЖЕ КОНЕСКИ И СООПШТУВАЊЕ НА ДОБИТНИЦИТЕ НА ЗЛАТНИОТ ВЕНЕЦ И НА МОСТОВИ НА СТРУГА ВО СЕДИШТЕТО НА УНЕСКО

Во седиштето на УНЕСКО во Париз, Франција, на 22 март во 16 часот се одржа настан во чест на 100-годишнината од раѓањето на великанот на македонската култура Блаже Конески, јубилеј кој е дел од календарот на важни меѓународни јубилеи на УНЕСКО. Во рамките на настанот, со кој се прославува и Светскиот ден на поезијата - 21 Март, беше соопштен лауреатот на годинашното, 60. издание на „Струшките вечери на поезијата“, британската поетеса Керол Ен Дафи како и добитникот на наградата „Мостови на Струга“, српскиот поет Владан Кречковиќ, која се доделува во соработка со УНЕСКО. По тој повод, беше организирано поетско читање од страна на учесници од Северна Македонија, придружено со кратка музичка програма, а стихови од Блаже Конески читаа и поканетите дипломатски претставници. Со видеопорака се обратија министерката за култура Ирена Стефоска и претседателот на Република Северна Македонија Стево Пендаровски.

Настанот беше дел од Националната програма „2021 – Година во чест на Блаже Конески”, која се реализира под покровителство на претседателот Стево Пендаровски, Министерството за култура, во соработка со Министерството за образование и наука.

Арх. знак 0501
Рок на чување ТРАЈНО
27.12 2021 год.
потпис.

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА Н.У.М „СТРУШКИ ВЕЧЕРИ НА ПОЕЗИЈАТА“ ВО ТЕКОТ НА 2021 ГОДИНА.

## 1. ПРЕГЛЕД НА РЕАЛИЗИРАНИТЕ ПРОГРАМСКИ И ДРУГИ АКТИВНОСТИ ВО 2021 ГОДИНА

### ЧЕСТВУВАЊЕ НА 100-ГОДИШНИНАТА ОД РАЃАЊЕТО НА БЛАЖЕ КОНЕСКИ И СООПШТУВАЊЕ НА ДОБИТНИЦИТЕ НА ЗЛАТНИОТ ВЕНЕЦ И НА МОСТОВИ НА СТРУГА ВО СЕДИШТЕТО НА УНЕСКО

Во седиштето на УНЕСКО во Париз, Франција, на 22 март во 16 часот се одржа настан во чест на 100-годишнината од раѓањето на великанот на македонската култура Блаже Конески, јубилеј кој е дел од календарот на важни меѓународни јубилеи на УНЕСКО. Во рамките на настанот, со кој се прославува и Светскиот ден на поезијата - 21 Март, беше соопштен лауреатот на годинашното, 60. издание на „Струшките вечери на поезијата“, британската поетеса Керол Ен Дафи како и добитникот на наградата „Мостови на Струга“, српскиот поет Владан Кречковиќ, која се доделува во соработка со УНЕСКО. По тој повод, беше организирано поетско читање од страна на учесници од Северна Македонија, придружено со кратка музичка програма, а стихови од Блаже Конески читаа и поканетите дипломатски претставници. Со видеопорака се обратија министерката за култура Ирена Стефоска и претседателот на Република Северна Македонија Стево Пендаровски.

Настанот беше дел од Националната програма „2021 – Година во чест на Блаже Конески”, која се реализира под покровителство на претседателот Стево Пендаровски, Министерството за култура, во соработка со Министерството за образование и наука.

Со организирањето на овој настан, се врати некогашната традиција со која одбележувањето на Светскиот ден на поезијата и соопштувањето на добитникот на „Златен венец“, највисокото признание на Струшките вечери на поезијата, како и на добитникот на „Мостови на Струга“, награда за најдобра дебитантска поетска книга под покровителство на УНЕСКО, се реализираат токму во Париз, во седиштето на оваа престижна Организација за образование, наука и култура при Обединетите нации.

**ФЕСТИВАЛ „СТРУШКИ ВЕЧЕРИ НА ПОЕЗИЈАТА“ 2021 година**

„Струшки вечери на поезијата“ како еден од најстарите и најзначајните светски поетски фестивали се одржа и оваа година, во вообичаениот термин, на крајот на август со целосно почитување на најновите мерки за заштита од коронавирусот.

Со најновиот развој на настаните, фестивалот се организираше со физичко присуство на домашните поети и на најголемиот дел од поканетите учесници од странство. Помал дел од странските поети што од објективни причини не беа во можност да бидат физички присутни беа претставени преку видео читања, кои беа составен дел од програмата на фестивалот.

Специјално видео обраќање како и видео читање, подготви и годинешниот лауреат на СВП, британската поетеса Керол Ен Дафи, која го најави своето физичко присуство на следното издание во 2022 година.

Иако беше првично најавен како специјален гостин на јубилејното издание на СВП, минатогодишниот лауреат Амир Ор од објективни причини беше принуден да го одложи своето физичко присуство за следното издание.

Програмата на фестивалот се одвиваше во периодот од 26 до 30 август и ги задржа препознатливите програмски содржини на фестивалот. Повеќе од 40 домашни и странски поети од постарата но и од помладата генерација учествуваа на фестивалот на главните фестивалски читања. Во склоп на програмата се одржаа меморијални чествувања на доаjените на македонската поезија Анте Поповски и Богомил Ѓузел, а како специјален настан беше промоцијата на монографскотото издание „Избор од поезијата и кратката проза од Блаже Конески“ како дел од Националната програма со која се одбележуваат 100 години од раѓањето на великанот на македонската култура.

Креативниот тим на СВП го подготви дизајнот на годинешното издание кој беше претставен на социјалните платформи на СВП заедно со најавите на учесниците.

Струшките вечери на поезијата се одржаа под мотото ИЗВИШЕНИ СВЕДОШТВА, ВОЗВИШЕНИ СТИХОВИ со кое се потенцираше значењето на Паркот на поезијата и симболиката на засадување на дрво од страна на лауретите секоја година, како чин со кој се одбележува растежот на фестивалот.

Во согласност со најновите мерки за заштита, оваа година, исто како и минатата, свеченото отворање и затворање на Фестивалот се одржа на покриената тераса на хотел Дрим. Во останатите денови, претпладневната програма се одвиваше во Конгресната сала на хотел Дрим, а вечерната програма на летната сцена на Центарот за култура „Браќа Миладиновци“

Физичкото присуство на публиката беше ограничено поради капацитетот на просторот и поради протоколите за заштита, со задолжително приложување на сертификат/потврда за извршена вакцинација, односно примена најмалку прва доза вакцина или сертификат/потврда за прележан Ковид – 19 во последните 45 дена, сметајќи од денот на оздравувањето, за лица над 18-годишна возраст. Програмата на фестивалот, почнувајќи од изданието во 2019 година, целосно се пренесува во живо на официјалниот Youtube канал на СВП, така што беше овозможено целосно следење од страна на поширок аудиториум.

Престојот на учесниците беше регулиран согласно протоколите за работа на хотелот во услови на пандемија.

Имаше обезбеден организиран превоз за учесниците на релација Скопје-Струга- Скопје, а избраниот економски оператор беше должен да ги спроведува протоколите за превоз на патници во услови на пандемија.

Во услови кога голем дел од светски познатите поетски фестивали беа откажани или одложени заради пандемијата со КОВИД-19, Струшките вечери на поезијата го зачуваа континуитетот на одржување на фестивалот, кој почнувајќи од 1961 година ја покажува моќта на поезијата да го обедини светот.

**НАГРАДИ**

**Наградата „Златен венец"** на Струшките вечери на поезијата за 2021 година и беше доделена на британската поетеса Керол Ен Дафи. Составен дел на наградата, покрај филигрански изработениот Златен венец, е и паричен износ од 8.000 евра, кој ќе биде исплатен согласно Одлуката на УО на НУМ СВП и предвидената Годишна програма. Свеченото доделување на наградата ќе биде во рамки на 61. Издание на Струшките вечери на поезијата во 2022 година, каде што Керол Ен Дафи ќе биде специјална гостинка.

**„Мостови на Струга"** - Наградата која традиционално од 2003 година СВП и УНЕСКО ја доделуваат за најдобра дебитантска поетска книга од млад автор оваа година му беше доделена на Владан Кречковиќ од Србија за книгата „Париз, Тексас". Покрај бронзената плакета, на добитникот, согласно Одлуката на УО и Годишната програма за работа на НУМ СВП, ќе му биде исплатена и парична награда во висина од 1.000 евра. . Свеченото доделување на наградата беше биде во рамки церемонијата „Мостови".

**„Браќа Миладиновци"** - Жирито назначено од СВП од пристигнатите поетски книги објавени на македонски јазик меѓу две изданија на фестивалот одлучи највисоката награда за поезија во нашата земја „Браќа Миладиновци" да и биде доделена на Лидија Димковска за поетската книга „Гранична состојба". На добитникот ќе му биде исплатен и паричен износ на наградата во висина од 150.000 денари. Паричниот износ за наградата согласно плановите, Одлуката на УО и

Годишната програма за работа на НУМ СВП, ја задржа висината што беше зголемена претходно за 50 %.

Наградата **„Енхалон"** за најдобра песна од млад автор прочитана на фестивалот, востановена во 2012 година, оваа година не се додели, согласно протоколот за почитување на мерките за присутност и скратената програма.

## ПОЕТИ УЧЕСНИЦИ НА СВП 2021

- **Учесници од странство:**

| Име и презиме | / | Држава |
|---|---|---|
| Керол Ен Дафи | Carol Ann Duffy | Англија |
| Владан Кречковиќ | Vladan Krečković | Србија |
| Танос Гогос | Thanos Gogos | Грција |
| Мањола Наси | Manjola Nasi | Албанија |
| Роман Кисјов | Roman Kissiov | Бугарија |
| Драгослав Дедовиќ | Dragoslav Dedović | Србија, БиХ |
| Шпетим Селмани | Shpetim Selmani | Косово |
| Јана Радичевиќ | Jana Radičević | Црна Гора |
| Зоран Певец | Zoran Pevec | Словенија |
| Џерардо Масучо | Gerardo Masuccio | Италија |
| Јури Талвет | Juri Talvet | Естонија |
| Жоел Верне | Joel Vernet | Франција |
| Балаж Салоши | Balázs Szőllőssy | Унгарија |
| Сурен Ојунчимег | Suren Oyunchimeg | Монголија |
| Лусила Трапазо | Lucilla Trapazzo | Швајцарија |
| Марија Дејановиќ | Marija Dejanovic | Хрватска |
| Звонко Карановиќ | Zvonko Karanovic | Србија |
| Marwan Makhoul | Марван Макхул | Палестина |
| David Giannoni | Давид Џанони | Франција / Белгија |
| Seth Michelson | Сет Мајклсон | САД |

| | | |
|---|---|---|
| Fiona Sampson | Фиона Сампсон | Англија |
| Sudeep Sen | Судип Сен | Индија |
| Sandra Hubinger | Сандра Хубингер | Австрија |
| Glorjana Veber | Глорјана Вебер | Словенија |
| Max Czollek | Макс Чолек | Германија |
| Greta Ambrazaite | Грета Амбразаите | Литванија |

## Учесници од Македонија:

Јован Стрезовски, Ива Дамјановски, Лидија Димковска, Јовица Ивановски, Веле Смилевски, Борче Панов, Нурије Емрулаи, Бранко Цветкоски, Катица Ќулавкова, Иван Џепароски, Зоран Анчевски, Сузана В.Спасовска, Санде Стојчевски, Тихомир Јанчовски, Даниела Андоновска-Трајковска, Милчо Мисоски, Никола Гелевски (Пандалф Вулкански), Митко Гогов, Исток Улчар, Ивана Јовановска, Коста Карев, Андреј Ал Асади

## *ДЕТАЛЕН ПРЕГЛЕД НА ПРОГРАМАТА НА СВП 2021*
**Четврток, 26.08.2021**

**11:00 Отворање на изложба 60 Години Струшки вечери на поезијата**

- НУ Центар за Култура, Фоаје

Заради најновите мерки за заштита од корона вирусот и намалување на ризикот од ковид-19, свеченото отворање беше заменето со видео-презентација на целокупната изложба во склоп на свеченото отворање на фестивалот, а посетителите имаа можност во мали групи согласно протоколите за заштита од ковид, да ја посетат изложбата што се состоеше од специјално отпечатени принтови од одбрани и скенирани негативи од изданијата на Струшките вечери на поезијата до 2011 година во сопственот и авторство на Душко Ѓоргон, а изданијата од 2011 до 2020 година беа покриени од дигиталната архива на СВП.

**20:30 Официјално отворање на Струшки вечери на поезијата 2021 година**

- Тераса на хотел Дрим

Церемонијата на свечено отворање на Струшките вечери на поезијата оваа година беше подигната на високо ниво. Во насока на професионализација, беше ангажиран режисерски и продуцентски тим на настаните во склоп на програмата на СВП. кој умешно ја адаптира покриенеата отворена тераса на Хотел Дрим во впечатлив сценски простор. Оваа година, во склоп на церемонијата на отворање, во адаптирани услови беше изведена церемонијатат на палење на фестивалскиот оган . Потоа „Т`га за југ" беше интерпретирана на четири јазици: македонски, англиски, албански, француски како симболичен вовед во исчекорот што се направи на минатогодишното издание на Струшките вечери на поезијата. Како дел од заложбите за унапредување на квалитетот на манифестацијата, нејзиниот меѓународен углед и значење, но и заради унапредување на односот кон својата публика и граѓаните, дел од содржините, а особено главните фестивалски читања и комуникацијата со јавноста, беа вклучени повеќе јазици. Освен досегашните македонски и англиски, беа користени и албанскиот и францускиот јазик.

Во склоп на церемонијата на свеченото отворање, свое впечатливо излагање имаше долгогодишниот директор на СВП и жив сведок на основањето на СВП, истакнатиот македонски поет Јован Стрезовски кој ги евоцираше најважните моменти од историјатот на СВП.

Струшките вечери на поезијата, за отворени ги прогласи министерката за култура, Ирена Стефоска, со своето впечатливо обраќање во форма на акростих од насловот на Т`га за југ.

**21:00 „Поетски меридијани" - Меѓународно поетско читање**

- Тераса на хотел Дрим

„Поетските меридијани" се одржаа на посебно подготвена сцена на терасата на хотел Дрим. Истакнатите странски поети што беа физички присутни, настапија во живо, а помалиот број од странските поети што беа оневозможени физички да присуствуваат испратија свои видео снимки во кои ја читаа својата поезија, а домашните поети настапија во живо почитувајќи го протоколите за заштита. Неколку од домашните поети што беа физички спречени или беа во ризични групи, се претставија преку видео читања. Оваа година, како и минатата година, покрај телевизискиот пренос од страна на националната телевизија, беше ангажирана професионална екипа којашто со најсовремена опрема овозможи live streaming на содржините на Фестивалот, коишто беа емитувани на официјалниот YouTube канал на СВП. На овој начин Фестивалот беше достапен како за домашната, така и за интернационалната публика.

По настапот на добитникот на наградата „Златен венец“ за 2021, Керол Ен Дафи од Обединетото Кралство, како и на добитникот на „Мостови“ за 2021 година, Владан Кречковиќ, настапија сите поканети странски поети, а оваа година во „Меридијани“, беа вклучени и следните домашни поети: Лидија Димковска, Бранко Цветкоски,Јовица Ивановски и Јован Стрезовски.

**Петок, 27.08.2021**

**10:00 Портрет Ива Дамјановски, добитникот на наградата „Браќа Миладиновци“ за 2020 година**

- Конгресна сала, Хотел Дрим

Портретот на добитникот на наградата Браќа Миладиновци“ за 2020 година, македонската поетеса Ива Дамјановски се одржа во Конгресната сала на Х. Дрим, а за нејзиното творештво зборуваше професор д-р Соња Стојменска – Елзесер. Беа читани и стихови од самата авторка, како и препевите на англиски јазик.

СВП од 2012 година редовно ја објавува во целосен превод на англиски јазик, книгата на добитникот на наградата „Браќа Миладиновци“. Со оглед на тоа дека професорот д-р Зоран Анчевски е истакнат англист и преведувач, тој ја преведе книгата на минатогодишната добитничка.

**11:00 Поетско читање на поетите од потесниот избор за наградата „Браќа Миладиновци“ за 2021 година**

- Конгресна сала, Хотел Дрим

Во потесен избор од пет книги жири-комисијата ги избра следните поетски остварувања (според азбучниот ред на презимињата на авторите):

1. *Павлина Атанасова, „Големата прегратка“ - (ПНВ Публикации)*
2. *Пандалф Вулкански „Девет преобразби во чудната шума“ - (Темплум)*
3. *Даут Даути „Сватови на песната“ – (Матица Македонска)*
4. *Лидија Димковска „Гранична состојба“ – (Или-Или)*
5. *Ана Стојановска „Потпис: трепетлика“ – (Три)*

Оваа година, со измена на Правилникот за наградата „Браќа Миладиновци“, добитникот на наградата се прогласи пред почетокот на Фестивалот со цел да се овозможи претставување на добитникот на наградата на тековното издание на фестивалот, а не само негово прогласување пред крај на фестивалското издание.

Преостанатите четворица кандидати во потесен избор исто така, според вообичаената пракса, беа дел од Програмата на Фестивалот. Заради неможноста физички да присуствуваат, беа прочитани

избрани песни од Павлина Атанасова, Даут Даути и Ана Стојановска, а Никола Ѓелевски (Пандалф Вулкански) ги читаше стиховите во живо.

**12:00 Поетска работилница со Звонко Крановиќ**

- Конгресна сала, Хотел Дрим

Истакнатиот српски поет Звонко Карановиќ одржа опширно предавање во кое го претстави неговото искуство во организирањето на една од најпосетуваните поетски работилници во Белград. Говореше за програмата на работилниицата, за начините на работа со учесниците, како и за огромниот интерес за поезијата кај помладата генерација. Неговата издавачка куќа „Енклава" исто така игра огромна улога во промоцијата на поетите, учесници во работилницата. Добитникот на наградата „Мостови на Струга", ,српскиот поет Владан Кречковиќ е „производ" на поетската работилницаа на Звонко Карановиќ. Наградената збирка „Париз, Тексас" е во издание на Енклава.

**18:00 "Поетско кафе" - средба со издавачи, агенти и професионални посетители - Версополис**

- Тераса на Хотел Дрим

Во рамки на проектните активности од поетската платформа Версополис, се одржа неформална средба помеѓу поканетите поети преку Версополис платформата: Макс Чолек, Сандра Хубингер, Глорјана Вебер и издавачи од Македонија, на која беа присутни и македонски поети. Се разговараше за состојбите со видливоста на поезијата во земијите од кои доаѓаат поетите од платформата Версополис, за можноста од мобилност на поеитите што ги овозможува платформата и идните можности за издавање на поопширен избор на поезијата од поканетите поети, претставени преку печатените буклети.

**20:30 Поетски портрет на Керол Ен Дафи**

- НУ ЦК Летна сцена

Поетски портрет на годинешната добитничка на „Златниот венец" на „Струшките вечери на поезијата", Керол Ен Дафи, беше претставен на летната сцена пред Центарот за култура „Браќа Миладиновци".

Промотор беше професорката и претседателка на Управниот одбор на „Струшките вечери на поезијата", Елизабета Шелева, која во своето излагање посочи дека уште со објавувањето на нејзината прва книга поетскиот глас на Ен Дафи стана препознатлив во светски рамки.

Беше прикажано видео-обраќањето на Керол Ен Дафи и беа прочитани неколку песни во превод на истакнатиот поет и преведувач Зоран Анчевски.

Поетскиот портрет претставуваше најава за опсежниот портрет предвиден да се одржи во катедралната црква „Св. Софија" во Охрид, во 2022 г. со физичко присуство на Керол Ен Дафи.

**21:30 Поетски портрет на Владан Кречковиќ**

- НУ ЦК Летна сцена

Српскиот писател и поет Звонко Карановиќ направи портрет на српскиот поет Владан Кречковиќ, добитник на наградата за најдобра дебитантска поетска збирка од млад автор (под 35 години) „Мостови на Струга“ за 2021 година, што ја доделуваат „Струшките вечери на поезијата“ во соработка со УНЕСКО.

- Уште во насловот на првата стихозбирка на Владан Кречковиќ, „Париз, Тексас“, беше навестен клучот со којшто треба да се читаат песните што се наоѓаат пред нас. Осврнувајќи се, пред сè, на култната филмска класика на Вим Вендерс, како и на филмот на Кар-Ваи Вонг, „Чангкинг експрес“ (Chungking Express), во коишто се разработува безволноста и бесмисленоста на животот по прекинувањето на емоционалните врски“- истакна Караноиќ.

Беа прочитани и неколку песни од страна на авторот.

**22:30 Ноќ на Версополис**

- НУ ЦК Летна сцена

Овој настан беше организиран за да се овозможи претставување на некои од странските автори пред македонската публика што се вклучени во мрежата на Версополис. Овој настан, кој како и повеќето од програмата беше пренесуван како live streaming на официјалниот YouTube канал на СВП. Настанот побуди голем интерес, беше пренесуван како live streaming на официјалниот YouTube канал на СВП, а беа поделени и буклетите на три јазици кои беа објавени како дел од проектот. Во живо настапија тројца од поканетите Версополис поети: Макс Чолек, Сандра Хубингер, Глорјана Вебер, додека четвртата поетеса Грета Амбразаите беше претставена преку видео читање.

**00:00 Ноќ без интерпункција**

- НУ ЦК Летна сцена

Млади поети и поетеси беа претставени со своите интерпретации и слем песни. Програмата е од неформален карактер, каде што можност да настапат имаа сите поканети поети, гости, па дури и публиката, што е вообичеано за овој програмски блок од неформален карактер. Настапија бројни македонски поети од помладата генарција.

**Сабота, 28.08.2021**

**10:00 Портрет на Анте Поповски, 90 години од раѓање**

- Конгресна сала на Хотел Дрим

Портрет во спомен на 90 години од раѓањето на истакнатиот македонски поет Анте Поповски беше претставен на третиот фестивалски ден на „Струшките вечери на поезијата". За ликот и делото на Анте Поповски говореше литературната критичарка, теоретичарка и универзитетска професорка, Кристина Николова, истакувајќи дека Анте Поповски, меѓу другото, ја откриваше археолошката историја на Македонија преку метаинтерпретација на културните факти и завлезе во длабока *културолошка херменевтика* и *филозофија на археологијата и историјата на уметност.* Беа прочитани и некои од најпознатите песни во оригинал и во препев на англиски.

**11:00 Меѓународно поетско читање „Кругови"**

- Конгресна сала на Хотел Дрим

Настапија: .Даниела Андоновска-Трајковска, Шпетим Селмани, Бранко Цветковски, Драгослав Дедовиќ, Лусила Трапацо, Милчо Мисоски, Јана Радичевиќ, Борче Панов, Мањола Наси, Никола Гелевски (Пандалф Вулкански), Иван Џепароски, Нурие Емрулаи, Митко Гогов

**12:00 Доделување на наградата „Стојан Христов" за најдобра поетска книга од поет од дијаспората.**

- Конгресна сала на Хотел Дрим

На овој настан беше доделена и наградата „Стојан Христов" за најдобра поетска книга од поет-иселеник од Македонија, која Агенцијата за иселеништво ја доделува во соработка со СВП. По разгледувањето на пристигнатите наслови, жири-комисијата констатира дека поетската продукција на авторите во македонската дијаспора заслужува внимание со спектарот на мотивско-тематските и стилско-изразните особености. Станува збор за поетски остварувања во кои авторите оставаат печат на своите трагања и себенаоѓања во стварноста, но и во неомеѓениот простор на творечката имагинација

Жири-комисијата едногласно одлучи наградата „Стојан Христов" за најдобра поетска книга од автор во дијаспората, за 2021 година, да му ја додели на Емил Попорданоски од Мелбурн, Австралија, за стихозбирката „Во прегратките на љубовта".

**18:00 In memoriam: Богомил Ѓузел**

- НУ Ц.К Летна сцена

Омаж посветен во спомен на култниот македонски поет Богомил Ѓузел, кој почина во април оваа година беше претставен на третиот фестивалски ден на „Струшките вечери на поезијата". За ликот и делото на Ѓузел говореше литературната критичарка, теоретичарка и претседателка на Управниот одбор на „Струшките вечери на поезијата", Елизабета Шелева.

- Богомил Ѓузел, заедно со Радован Павловски, Влада Урошевиќ, Петре М. Андреевски го сочинува историското и квалитативно јадро на еминентни претставници од пресвртничката Трета поетска генерација. Би укажала најнапред на неколку лични согледби кои, досега, чинам, недоволно беа познати или расветлени. Познат е, иако досега можеби остана недоволно истакнат, фактот дека, во времето на своите творечки почетоци, Богомил Ѓузел настапи како припадник на градското и граѓански (либерално) ориентираното крило во нашата литература што, од своја страна, остави препознатлив белег врз неговиот творечки профил, господственото поведение, а, особено, во нему својствениот, космополитски систем на вредности. Таа трага останува видлива и во неговото дејствување во рамките на Струшките вечери, во заложбите за отворање на фестивалот кон Запад и Америка - потенцираше Шелева. Беа прочитани и некои од најпознатите песни во оригинал и во препев на англиски.

**20:30 Промоција на „Македонско поетско созвездие" во чест на Георги Старделов**

- НУ ЦК Летна сцена

За капиталната книга „Македонско поетско созвездие" (во издание на МАНУ и „Матица македонска", 2020) на академикот Георги Старделов говореше македонскиот поет, раскажувач, есеист и теоретичар Владимир Мартиновски, кој посочи дека е многу важно да се говори за оваа книга на јубилејното, шеесето издание на фестивалот.

- Длабоко уверен дека „поезијата не е само најзначаен род на македонската книжевност, таа е врховен принцип", академик Старделов на залезот од својата исклучителна истражувачка кариера остави во аманет неодминлива книга за секој што ќе сака темелно да ги запознае одликите и естетските дострели на современата македонска поезија. Станува збор за невообичаено волуменозна книга (со без малку 900 страници) која се чита како врвна белетристика. Таа е еден вид синтеза и сума сумарум на долгогодишниот безрезервен и пасиониран ангажман на Георги Старделов во анализирањето, толкувањето, вреднувањето и промовирањето на дострелите на современата македонска поезија. Беа прочитани и некои од најпознатите песни од Славко Јаневски, Блаже Конески, Ацо Шопов, Матеја

Матевски и Анте Поповски во оригинал и во препев на англиски.

**21:30 Претставување на добитникот на наградата „Браќа Миладиновци“ за 2021 година**

- НУ ЦК Летна сцена

Оваа година, со измена на Правилникот за наградата „Браќа Миладиновци“, добитникот на наградата се прогласи пред почетокот на Фестивалот со цел да се овозможи претставување на добитникот на наградата на тековното издание на фестивалот, а не само негово прогласување пред крај на фестивалското издание. За Лидија Димковска, добитничката на наградата „Браќа Миладиновци за нејзината стихозбирка „Гранична состојба“ говореше истакнатиот литературен критичар и претседател на жири-комисијата, Сашо Огненовски кој истакна дека „Гранична состојба“ е еден од креативните врвови на синџирот книжевни височини на Лидија Димковска. Оваа антологиска поетска збирка говори за чудовишните механизми на деструкцијата, за распадот како застрашувачка неминовност, за духовните пропаѓања на нашата цивилизација. Големината на овој книжевен ракопис е бескрајна, а нејзиниот ангажман е висок токму затоа што до последниот стих тој се занимава со универзалните вредности на човекот и со причините за нивното потоморување.

Беа прочитани и неколку песни од страна на авторката на македонски и во препев на англиски јазизк.

**22:30 Промоција на монографско издание за Блаже Конески**

- НУ ЦК Летна сцена

Во рамки на одбележувањето 100 години од раѓањето на македонскиот поет, раскажувач, есеист, книжевен научник и лингвист Блаже Конески на „Струшките вечери на поезијата“ беше промовирано монографско издание за великанот на македонската книжевност.

Предговорот на Монографијата го напиша македонски поет, раскажувач, критичар, есеист, книжевен теоретичар Атанас Вангелов, кој посочи дека оној што не влегол досега во поезијата на Конески има трајна загуба.

- Изучувањето на поезијата на Блаже Конески, стекнувањето претстава за нејзините технички достигања, е од пресудна важност за натамошниот подем на нашата поезија. Можно е на последново становиште да му се упати ваков приговор: таквиот потфат неминовно води кон поетичка канонизација што се искажува секогаш негативно кон живиот процес на литературниот развиток. За тој приговор го имаме следниов одговор: изучуваме едно исклучително дело не за да можеме да го репродуцираме, туку да научиме како да се искажеме себеси. Го изучуваме него не за да ја моделираме според него

иднината (литературна), туку за да можеме да се движиме направо кон неа, збогатени со мудро и скапоцено искуство. Зашто (да го парафразираме Јакобсон), лаже оној што кажува дека немал претходници - вели Вангелов. Беа прочитани некои од најпознатите песни застапени во изборот на македонски, на англиски јазик, како и на на француски и на словенечки јазик од страна на странските поети учесници.

**00:00 „Ноќ без интерпункција"**

Млади поети и поетеси беа претставени со своите интерпретации и слем песни и на втората вечер од ваков вид. Програмата е од неформален карактер, каде што можност да настапат имаа сите поканети поети, гости, па дури и публиката, што е вообичаено за овој програмски блок од неформален карактер. Настапија бројни македонски поети од помладата генарција.

**Недела, 29.08.2021**

**10:30 Посета на Вевчани и Вевчански извори**

12:30 „Матине", меѓународно поетско читање

- Предворје на црква Св.Никола, Вевчани

Настапија: Борче Панов, Даниела Андоновска-Трајковска, Тихомир Јанчовски, Сузана Спасовска, Звонко Карановиќ ,Милчо Мисоски,Зоран Анчевски, Јовица Ивановски и Митко Гогов

**20:30 „Мостови", мешународно поетско читање и врачување на наградите „Браќа Миладиновци" и „Мостови на Струга"**

- Летна тераса, Хотел Дрим

Еден од трите главни настани на фестивалот, што стана синоним за фестивалот, заради симболиката на Мостот на поезијата. На овој настан традиционално се доделуваат наградите „Златен венец", „Браќа Миладиновци" и наградата на СВП и УНЕСКО „Мостови на Струга". Поради новонастанатата ситуација со ковид-19, настанот се одржа на летната тераса на Хотел Дрим. Се доделија наградите „Браќа Миладиновци",и „Мостови на Струга" додека наградата „Златен венец"ќе се додели следната година на со физичко присуство на добитниците на Златниот венец. По церемонијата на доделување на наградите, настапија поканетите странски и домашни поети во живо, а оние што не беа физички присутни, се претставија преку видео читања. Настанот беше пренесуван

директно на Македонската телевизија, но и преку live streaming на официјалниот YouTube канал на СВП.

**Понеделник, 30.08.2021**

**21:30 Меѓународно поетско читање**

- Музеј на современа уметност,Скопје

Дел од странските поети, гости на „Струшките вечери на поезијата", читаа своја поезија во Музејот на современа уметност. Со тоа и официјално заврши 60-то издание на меѓународниот поетски фестивал „Струшки вечери на поезијата".

Владан Кречковиќ, Жоел Верне, Глорјана Вебер, Марија Дејановиќ, Јана Радичевиќ, Звонко Карановиќ се поетите кои можеше да ги слушне скопската публика, а се прочитаа и две песни од лауреатката, британската поетеса Керол Ен Дафи. Песните се прочитаа на македонски, на англиски и на албански јазик.

Овој настан претставува исклучителна можност за скопската публика во живо да проследи дел од поетското творештво на реномирани поети од целиот свет. Со ова се збогатува културниот живот во градот. Настанот е дел од Програмата на Струшките вечери на позијата, а од 2019 г. се одржува во Музејот на современа уметност во Скопје, што се покажа како одлична локација.

## 2. ПРОГРАМА ЗА ИЗДАВАЧКА ДЕЈНОСТ НА СВП ВО 2021 ГОДИНА

Во рамки на Програмата за издавачка дејност на СВП во 2021 година се застапени следните публикации:

1. **Монографија - Избор од поезијата на добитникот на наградата „Златен венец" - на оригинал, англиски и на македонски;**

Како што е вообичаено уште од 1971 година на добитникот на „Златен венец" се печати луксузно издание со голем избор од неговото творештво во оригинал и во напореден превод на македонски јазик и на англиски јазик. Ова издание како неодминливо и капитално во издавачката дејност на СВП и секогаш е подготвено да биде на високо ниво, и кога се работи за квалитетот на преводот,но и за сите други елементи, од графичката подготовка до печатењето. Оваа година, заради специфичните околности поврзани со пандемијата на Ковид-19, но и заради физичкото отсуство на добитничката на „Златниот венец", Керол Ен Дафи печатењето на изданието се реализира по завршувањето на фестивалот. Во комуникација со лауреатот Керол Ен Дафи, која ќе биде специјален гостин на 61. издание на СВП, промоцијата на изборот од нејзината поезија ќе биде во рамки на

следното издание.

2. **„Поезија од пет континенти - Кој е кој“ - избор од поезијата на учесниците на Струшките вечери на поезијата- на македонски и на англиски јазик**

Ова издание на СВП веќе низа години претставува неодминлив и практичен зборник во кој преку био-библиографските податоци и краток избор од нивното творештво во оригинал, на англиски и во превод на македонски јазик се застапени сите поети учесници на фестивалот. Со ова издание СВП и во публикација ги чува сите траги за тековното издание, и е неопходна алатка, практична при реализација на приредбите, но овозможува и сите учесници да добијат еден траен документ за нивното учество. Оваа година, печатењето на Зборникот се реализира непосредно пред почетокот на Фестивалот.

3. **Книгата на добитникот на „Браќа Миладиновци", преведена на еден светски јазик.**

Веќе осум години СВП во рамките на настојувањата за што поширока рецепција на македонската поезија и нејзина афирмација во светот ја печати книгата која во претходната година е добитник на највисоката поетска награда во Република Македонија „Браќа Миладиновци“, преведена на еден светски јазик. Оваа година беше издадена книгата „Двоумење“ (Hesitation) од минатогодишната добитничка Ива Дамјановска, во превод на англиски јазик од реномираниот универзитетски професор Зоран Анчевски.

4. **Монографско издание „Камено кале“ –избор од поезијата и кратката проза на Блаже Конески во склоп на 100-годишнината од раѓањето.**

Во рамки на одбележувањето 100 години од раѓањето на македонскиот поет, раскажувач, есеист, книжевен научник и лингвист Блаже Конески на „Струшките вечери на поезијата“ беше промовирано монографско издание за великанот на македонската книжевност.

Приредувач на ова луксузно издание е истакнатиот, книжевен теоретичар и универзитетски професор Атанас Вангелов, а изданието е збогатено со илустрации инспирирани од творештвото на Конески. чиј автор е Илиана Петрушевска, победничка на Конкурсот, специјално распишан за оваа намена од ФЛУ.

**5. Книгата на добитикот на наградата „Мостови на Струга" на УНЕСКО и СВП;**

Секоја година книгата на добитникот на оваа награда се објавува во оригинал и во превод на македонски и на англиски јазик. Оваа година беше издадена книгата „Париз, Тексас“ од овогодишниот добитник, српскиот поет Владан Кречковиќ, во превод на македонски од реномираниот преведувач Јовица Ивановски.